# ФИНКИ live chat 05 – ЧПП

*сабота, 13.08.2011, 12:00 – 13:00*

**Ivona Lazarovska**: Сакам да Ве прашам дали е можно да се прават измени на веќе пратена пријава по електронски пат?

**ФИНКИ**: Испратете мејл на upisi2011@ukim.edu.mk со Вашето барање и ќе ви биде овозможено да направите промени и повторно да ја испратите пријавата.

**Доналд Димитриовски**: Дали тој 'универзитетски пријавен лист' кој треба да се купи од книжара е оној истиот кој го имам испринтано преку iKnow системот?

**ФИНКИ**: Универзитетската пријава за запишување мора да се купи од книжара, поради законската даночна процедура. Останатите документи Ви ги генерира системот за електронско пријавување.

**Dino Bojadzievski**: Дали би можеле да ми кажете каде можам да најдам/купам универзитетски пријавен лист? И ако треба да се купуваат и други документи, каде?

**ФИНКИ**: Деталната процедура и сите потребни документи за пријавување се поставени на http://join.finki.ukim.mk/Informacii.aspx.

**Verica Kamceva**: Sakam da se zapisam na Vasiot fakultet ama imam samo ucilisna matura... ke mozam li da se zapisam bez drzavna?

**ФИНКИ**: Да. Согласно конкурсот за упис, може да конкурирате и со училишна матура.

**Aleksandar Simov**: Кога и како се избираат профилите од смерот КНИ? Дали е потребно да се внесат во пријавата?

**ФИНКИ**: Не. Профилите се избираат имплицитно (неформално). Студентот го дефинира својот профил со изборните предмети во текот на студиите. Повеќе детали за профилите може да најдете во водичот за студирање: http://www.finki.ukim.mk/mk/studies/study-guide.

**Aleksandar Simov**: Дали ќе може од оваа година да се студира на англиски јазик на додипломски студии?

**ФИНКИ**: Од оваа година, за жал, нема да започнат студиите на англиски јазик. Но, постојано се подготвуваат програмите и се очекува тоа да биде овозможено веќе од наредната учебна година.

**Mitko Mitkovski**: Сакам да запишам постдипломски студии. Дали е потребо да имам минимум просек на додипломските студии?

**ФИНКИ**: Не. Што е потребно може да видите на http://www.finki.ukim.mk/mk/enrollment/uslovi-mag.